МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 70**

---

**кај 2 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

---

**4 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

---

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

### Предлог-закони утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во февруари 2022 г.

**6**

- Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: **2**
  - Утврдени на Влада, „Затворени“ на ЕНЕР: **0**
  - Утврдени на Влада, уште „Отворени“ на ЕНЕР: **2**
- Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: **0**
  - Утврдени на Влада, „Затворени“ на ЕНЕР: **0**
  - Утврдени на Влада, уште „Отворени“ на ЕНЕР: **0**
- Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: **4**

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МФ | 3 | 1 | 33% |
| МП | 1 | 1 | 100% |
| МЗШВ | 1 | 1 | 100% |
| МТСП | 1 | 1 | 100% |
| ВКУПНО | 6 | 4 | 66.7% |

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

*Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ) е програма на МЦМС финансирана од Европската Унија во периодот февруари 2018 – септември 2021. Во рамките на ГРЦ се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во текот на февруари 2022 и нивно поставување на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*). Дополнително, известуваме за нивото на коментирање од граѓаните и граѓанските организации за предлог-законите ставени на ЕНЕР и објавените одговори од надлежните институции на ЕНЕР.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 28 февруари 2022 г., до Собранието беа поднесени вкупно 13 различни предлог-закони, од кои за шест постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 6 предлог-закони, два се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста. Останатите седум предлог-закони немаат обврска да бидат ставени на ЕНЕР бидејќи се предложени од групи на пратеници.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог – закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, и Предлог-закон за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка, предложени од **Министерство за финансии.**

Вкупно 22 коментари од граѓани или граѓански организации се поставени на ЕНЕР за овие два предлог-закони, но нема ставено одговори од надлежните државни институции.

Предлог-закони за кои постоеше обврска да биде ставен на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, предложен од **Министерство за правда,** Предлог-закон за изменување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки, по скратена постапка, предложен од **Министерство за финансии,** Предлог-закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи, по скратена постапка, предложен од **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка, предложен од **Министерство за труд и социјална политика.**

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог- Закон за спречување перење пари и финансирање тероризам**

**Предлог- Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам**

Целта на предложениот закон е неговото усогласување со европското acquis односно законодавство во областа на борбата против организираниот криминал, односно одредбите од Директива 2018/843 за спречување на користење на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2018 година, а исто така ревидирани се препораките на ФАТФ и последно дополнети во октомври, 2020 година. Во Предлог-законот се вградени и решенија во насока на надминување на ризиците идентификувани со Националната проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам усвоена во 2020 година.

Законот ги дефинира непрофитните организации како правни лица, правни аранжмани или организации кои примарно се вклучени во прибирање или прераспределба на средства за добротворни, религиозни, културни, образовни или социјални цели или друг вид на добротворни активности.

Со предлог законот се редефинира пристапот кон непрофитните организации, односно засилените мерки на анализа, субјектите ги применуваат кон непрофитните организации кои се утврдени согласно националната проценка на ризикот, како и според спроведената проценка на ризикот кон определна непрофитна организација. Според член 44 од предлог-законот субјеките се должни да преземат мерки на засилена анализа во врска со деловните односи и транспакциите со непрофитните организации кои претставуваат повисок ризик идентификуван според националната проценка на ризикот како и непрофитните организации кои претставуваат повисок ризик согласно проценка на ризикот од страна на субјектот и кои вклучуваат:

1) обезбедување дополнителни податоци за клиентот и вистинските сопственици;

2) често ажурирање на документи и податоци за клиентот;

3) обезбедување дополнителни податоци за природата на деловните односи и трансакциите на клиентот и специфичните цели на непрофитните организации;

4) обезбедување дополнителни податоци за изворот на средства и изворот на имотот на клиентот и дополнителни податоци за корисниците кои ги добиваат средствата на непрофитната организација;

5) обезбедување информации за причината за планираните или извршени трансакции и

6) засилено следење на деловните односи.

Според член 21 од Законот, вистински сопственик на домашни и странски здруженија и нивни сојузи, установи, комори, синдикати, политички партии, задруги, верски заедници, заедници на сопственици или други организации во кои учеството во управувањето врз основа на сопственички удел во капиталот не е можно да се утврди, се смета секое физичко лице кое е овластено да ги застапува или физичкото лице кое има контролна позиција во управувањето со имотот на организацијата.

Понатаму, според член 31 „Трговските друштва, подружници и филијали на странски трговски друштва и странски трговец поединец, здруженија, сојузи, фондации, комори, синдикати, политички партии, задруги, верски заедници, заедници на сопственици, претставништва на странски трговски друштва или други организации ги внесуваат податоците за нивните вистински сопственици во регистарот во **рок од петнаесет дена** од уписот на деловниот субјект во трговскиот регистар и во регистарот на други правни лица во **рок од петнаесет дена** од промената на податоците за вистинскиот сопственик."